

ISBN 978-608-65643-7-7

7th International Conference "Ohrid-Vodici 2019"

# Identities, Cultural Heritage and Tourism as important Elements of the Contemporary Everyday life and Global Processes Figures

- Conferense Proseedings -



7-ма Меѓународна конференција „Охрид- Водици 2019"

# Идентитети, културното наследство и туризмот како значајни елементи на современиот секојдневен живот и глобалните процеси

- Зборник на трудови-

**7-ма Меѓународна конференција**
**„Охрид-Водици 2019“**

# ИДЕНТИТЕТИ, КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ТУРИЗМОТ КАКО ЗНАЧАЈНИ ЕЛЕМЕНТИ НА СОВРЕМЕНИОТ СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ И ГЛОБАЛНИТЕ ПРОЦЕСИ

**-Зборник на трудови-**

Уредник

**Рубин Земон**

Струга, 17-19 јануари 2019

**Conference Proceedings 7th International Conference**
**“Ohrid – Vodici” 2019**

---

**Publuishers:**

Institute for Socio – Cultural Anthropology of Macedonia

University “Euro – Balkan”, Skopje, R. of Macedonia

Selçuk Üniversitesi, Konya, Turkey

MIRAS, Social Organization in Support of Studing of Cultural Heritage, Baku, Azerbeijan

**Editor:** Rubin Zemon Ph.D.

**Assistant of the Editor.** Sanja Angelovska M.Sc.

**Computer preparation and printing:** Igor Panev M.Sc.

**ISBN 978-608-65643-7-7**

7th International Conference
"Ohrid-Vodici, 2019"

# IDENTITIES, CULTURAL HERITAGE AND TOURISM AS IMPORTANT ELEMENTS OF THE CONTEMPORARY EVERYDAY LIFE AND GLOBAL PROCESSES FIGURES

**-Conference Proceedings-**

Editor

**Rubin Zemon**

Struga, 17-19 January, 2019

## THE CONFERENCE PROGRAMME COMMITTEE

Rubin Zemon Ph.D. (University Euro-Balkan) Skopje, Macedonia

Ferenc Mislivetz Ph.D. (Institute for Advanced Studies) Koszeg, Hungary

Fariz Khalili Ph.D. (MIRAS Social Organization in Support of Studying of Cultural Heritage) Baku, Azerbaijan

Osman Kunduracı Ph. D., (Selcuk University) Konya, Turkey

Kubilay Akman Ph.D. (Usak University) Usak, Turkey

Ahmet Aytac Ph.D. (Selcuk University) Konya, Turkey

Aleksandar Manasievski Ph.D. (Euro- Balkan University), Macedonia

Ivaylo Markov Ph.D., (Institute of Ethnology and Folklore Studies with Ethnographic Museum – Bulgarian Academcy of Science) Sofia, Bulgaria

Meli Shopi Ph.D. (University of Elbasan), Elbasan, Albania

Samoil Malcheski Ph.D. (Institute for Socio-Cultural Anthropology), Skopje, Macedonia

Dushka Matevska Ph.D. (University Ss. Cyril and Methodius), Skopje, Macedonia

Jasminka Simic Ph.D. (Radio-Television of Serbia), Belgrade, Serbia

Nadzyea Cherepan Ph.D. candidate(European Humanities University), Vilnius, Lithuania

Dejan Metodijeski Ph.D. (University Goce Delchev, Stip), Skopje, Macedonia

## ORGANIZING COMMITTEE OF THE CONFERENCE

Aleksandar Manasievski Ph.D.

Sanja Angelovska Ph.D. Candidate

Verica Dzijanovska

# Contents

Preface 7

Rubin Zemon Ph.D and Dejan Metodijeski Ph.D
**Review of international conferences ohrid – vodici: seven years of scientific progress 9**

Victor Shnirelman
**Archeology in trouble: historical heritage, indigenous people and identity 21**

Zoran Matevski, Ph.D and Dushka Matevskia Ph.D.
**The social conditionality of religious painting in r. Macedonia 35**

Кристијан Манасиевски и Александар Манасиевски
**Верски туризам 47**

PhD. Ahmet AYTAÇ
**About a turkish carpet depicted in a lorenzo lotto painting 55**

Doç. Dr. Figen ÖZEREN
**Düzce ili akçakoca ilçesi cepken ve şalvarlarin yüzey biçimsel özellikleri açisindan (An Analysis of the Stylistic Elements and Surface Properties of Vests and Salwars from the Akçakoca District of Düzce) 62**

Jody Jensen- Ferenc Miszlivetz
**European values, culture and identity reconsidered 77**

Dr. Liljana Popovska
**The cultural tourism as a tool for social cohesion of the macedonian society 89**

Dr. Fariz KHALILLI
**Historical shirvan region and history of sufism 94**

Ива Петрунова
**Транскултурната традиција на архитектурата во градот скопје 100**

Assoc. Prof. Dr. Georgi Biserov Nikolov, Assist. Dr. Nikola Todorov Tanakov
Assist. Dr. Veselina Ljubomirova Miteva
**Tourist zoning as a factor for development of alternative forms of tourism 110**

Д-р Емина Рустемоска
**Идентитетот во ера на глобализација 122**

Chief Assist. Dr. Elka Georgieva Vasileva, Chief Assist. Dr. Georgi Hristov Tzolov
Ph.D Candidate Desislava Botseva
**Cultural diversity as a tool of socio-economic development of regions 130**

Доц. д-р Биљана Рајчинова-Николова
**Виртуелниот медиумски простор (сајберпросторот) –алатка во (ре) дефинирањето на националниот идентитет и на културното наследство 142**

Младен Мицевски
**Tourist entertainment in hotels: an example of the work of entertainment in hotels on the spanish coast 168**

**Cultural tourism in municipal institution – Museum of Negotino City 180**

Astrit Memija
**Cultural diplomacy as the image of albanian identity 189**

Afag Yusifli Khalil kizi, Yegana Huseynova Sabir kizi
**Bloody january - bloody memory in our literature 200**

Gelanda Shkurtaj
**The diversity on trans-national and multi-ethnic culture as a simple bridge to connect with the United Europe 206**

Elnura BABAYEVA
**Abdurrahman jami and his work “risaleyi – aruz” as a valuable source for studying aruz 211**

# Preface

We are living in a Runway World! On the one hand, we have identity politics and on the other, we have apolitical apathy. Those who are concerned about the global problems mentioned above and who perceive the government as being ill equipped to deal with these new global risks, have gravitated towards New Social Movements such as the green movement. At the more radical end of these movements, one's whole lifestyle, one's whole being and identity is oriented towards addressing global problems, at the local and international level, through protesting globally and acting locally. For someone following a traditional practice, questions don't have to be asked about alternatives. Tradition provides a framework for action that can go largely unquestioned, tradition gives stability, and the ability to construct a self-identity against a stable background. Globalization brings this to an end as local cultures and traditions are exposed to new cultures and ideas, which often means that traditional ways of acting come to be questioned. As a result of globalization, societies and cultures go through a process of detraditionalisation, where day to day life becomes less and less informed by 'tradition for the sake of tradition'.

We are also living in an Era of Migrations, and an Era of Liquid Modernity. Contemporary migration is a complex and multiple process and the movements of people often are not unidirectional – migrants could continually move between different places. All the more so as contemporary modes of communication and transport across the borders enabled them to work and live in different countries, keeping in touch with those left behind as never before. Uncertainty in society requires most individuals to constantly engage in 'identity construction', but he also points out that the wealthy and powerful are the ones both creating and benefiting from an unstable, rapidly changing world, and that these people are much more able to defend themselves against the negative consequences of living in a runaway world. It is a kind of chaotic continuation of modernity, where a person can shift from one social position to another in a fluid manner. Nomadism becomes a general trait of the 'liquid modern' man as he flows through his own life like a tourist, changing places, jobs, spouses, values and sometimes more—such as political or sexual orientation—excluding himself from traditional networks of support, while also freeing himself from the restrictions or requirements those networks impose.

Several factors made tourism to be particularly relevant for the state and private economy, cultural heritage, identity and even for the global processes. Tourism is tackling the human societies. People, in almost every society somehow are in touch with a tourism. Places of a certain destination, that are very interesting for the scholars and researchers, are more and more open toward tourists, especially after the globalization of the World Economy and international networks for traveling and transportations are improved. At the same time tourism is a catalyst for economic development and socio-political changes, processes that are on a focus of interest of many anthropologist, political scientists, sociologist and of course ecologists and people who are dealing with sustainable development and environment protection.

Considering all these circumstances of modern living, their importance and the way they shape identity as such, it is quite demanding these topics which shape cultural identities also to be spread into academic dialogue and thus into discussions. This has been the general aim and vision for the Vodici Conference 2019 - international academics with their respected knowledge and experience to discuss such a relevant issue and open the floor for further research and policy suggestions concerning the everyday life.

This book of proceedings offers such a profound insight into identity from different academic perspectives but still keeps to its main interest: identity, cultural heritage and tourism as important elements of everyday life and global processes figures.

Prof. Rubin Zemon
Ph.D.
Chair of the Conference Program Committee

**Rubin Zemon**
Institute for Socio-cultural Anthropology of Macedonia/University Euro-Balkan, Skopje
zemon.rubin@gmail.com

**Dejan Metodijeski**
Faculty of tourism and business logistics, University Goce Delcev, Stip
dejan.metodijeski@ugd.edu.mk

# REVIEW OF INTERNATIONAL CONFERENCES OHRID – VODICI: SEVEN YEARS OF SCIENTIFIC PROGRESS

**Abstract**

This paper focuses on the development, definition, division and organization of conferences. In the paper the academic significance of conferences is covered, as well as the economic benefits arising for the destinations where they are held. The main goal of this paper is to review the International Ohrid-Vodici Conferences in the past seven years. For the purpose of the paper, primary and secondary research isconducted. The primary research is related to the personal participation of authors in the seven conferences, conducted informal interviews and the method of unstructured observation. The official agendas and working programs of conferences, as well as the published proceedings from the conferences mentioned, were used as secondary sources of data. The paper deals with the historical development of conferences, published proceedings and topics at conferences in the past seven years. Tables showing basic data for the international conferences Ohrid-Vodoci in the period 2013-2019, as the number of presented papers, number of authors with demographic data in terms of gender, number of countries from which the authors come from and members of the program boards are presented in the paper. At the end of the paper concluding remarks are given.

**Keywords:** international, conference, Ohrid, Vodici.

## Вовед

Иако конференциите својот најголем развој го бележат во последните неколку децении и се релативно нова форма на бизнис, сепак треба да се напомене дека конференциите и состаноците ги среќаваме уште од најрани времиња. Историски погледнато, во развојот на човештвото од секогаш постоело заедничко собирање на луѓето поради некаков интерес или прослава[1]. Археолозите преку нивните истражувања имаат

1 Методијески, Д., Санева, Д. (2016) Организација на научни и стручни конференции и нивниот придонес во науката. Зборник на трудови од Научно-стручна конференција: Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република

пронајдено докази и примитивни руинирани објекти кои ни укажуваат на податокот дека кај древните култури луѓето за своите потреби граделе и имале посебни места каде се среќавале и заеднички дискутирале на одредени теми. Во античка Грција и Рим се одржувале состаноци на кои се дискутирало за различни теми поврзани со филозофијата, културата и др. Во текот на XVII век, европската аристократија организирала голем број состаноци каде се споделувале мислења за различни аспекти од животот.

Сепак, конференциите кои најмногу наликуваат на оние кои ни се познати денес, можеме да ги пронајдеме во почетокот на XIX век, кога кај универзитетите се зголемила потребата од споделување на информации во академските кругови, а за таа потреба започнала да се гради инфраструктура која ќе ги прифати учесниците и посетителите. Една од првите конференции која е организирана е Конгресот во Виена, кој се одржал во периодот од ноември 1814 до јуни 1815 година, на кој се преговарало за критичните прашања поврзани со мирот во Европа по Француската револуција и Наполеоновите војни[2]. На конгресот учество земале неколку држави како: Русија, Франција, Велика Британија, Австрија и др.

Постанокот на „индустријата на состаноците“ можеме да го лоцираме во Европа и САД. Развојот на индустријата и бизнисите кон крајот на XIX и почетокот на XX век довеле до потреба од состаноци на голем број деловни партнери од различни земји на светот, на кои се разменувале идеи, се остварувале бизнис зделки, се формирале партнерства и се вршеле преговори. Во 1896 година, во Детроит е создадена првата асоцијација за состаноци – Биро за конвенции, од страна на неколку локални бизнисмени кои ја препознале големината и перспективата на организирањето на состаноци и конференции.

По Втората светска војна, бројот на организаирани настани ширум светот започнува константно да се зголемува, достигнувајќи ги размерите на оваа дејност кои ги познаваме денес. Инфраструктурата која е изградена за потребите на конференциите е импресивна, постојат конференциски центри со капацитет од 20.000 учесници и над 450.000 квадратни метри. Во денешно време постојат конференции кои имаат традиција и се одржуваат секоја година во продолжение на повеќе децении.

Речниците го дефинираат терминот конференција (латински) како состанок, собир, седница, собрание на некоја организацијаили заедница за да се претресуваат важни прашања[3]. Конференциите се состаноци

---

Македонија, 28 Мај 2016, Штип.

2 Rogers, T. (2013) Conferences and Conventions: A Global Industry. New York: Routledge.

3 Миќуновиќ, Љ. (1990) Современ лексикон на странски зборови и изрази. Скопје: Наша книга.

кои се одржуваат со цел размена на информации, консултации и дискусии, а често се нарекуваат конгреси или конвенции[4]. Конференциите се само еден дел од бизнис сегментот наречен MICE туризам[5]. MICE претставува акроним за Meetings - Состаноци; Incentive Travel – Стимулативни аранжмани; Conventions – Конференции и Exhibitions – Саеми. Често употребуван термин во туристичката индустрија кога станува збор за деловни патувања[6].

Постојат различни критериуми според кои ги делиме конференциите како: период на одржување, состав на учесници, теми на конференцијата, територија на одржување, временска рамка, законска регулатива и слично. За конференциите се користи и друг акроним, SMERF кој доаѓа од скратеницата social - социјални, military - воени, educational - едукативни, religious - религиозни, fraternal – братства со различни групи на интереси.

Карактеристично за конференциите е следното: најчесто се учествува со презентации (10-30 минути), се канат истакнати стручни лица кои се главни говорници и ги потенцираат темите на конференцијата, вклучува панел дискусија, се работи по однапред утврдена агенда и програма, се користи соодветна инфраструктура, маркетинг и др. Конференциите освен работниот дел, вклучуваат и богата социјална програма поврзана со анимација на учесниците и посета на туристичките потенцијали на дестинацијата во која се одржува конференцијата. Научните и стручни конференции вклучуваат и публикување на зборници со презентираните истражувачки или практични трудови.Исто така, постои практика на презентација и преглед на престојните или минати конференциии од дадена област во одредени научни списанија и журнали, како би се популаризирале одредени конференции и поширoката научна јавност би можела да дознае за нив[7].

Организирањето на конференции можеме да го набљудуваме како процес кој го опфаќа следното[8]: цел на организирање на конференцијата, тема на конференцијата, временска рамка на одржување, објекти и дополнителни услуги во кој ќе се одржува настанот, избор на главни говорници, начин на презентирање на учесниците, начин на плаќањеи спонзорство, детално планирање и менаџмент на настанот. Организа-

---

4 Medlik, S. (2003) Dictionary of Travel, Tourism and Hospitality. Oxford: Butterworth -Heinemann.

5 Mai, J. (2014) Conferences and Conventions: A Research Perspective. New York: Routledge.

6 Методијески, Д., Голаков, К. (2013) Толковник на поими, термини и имиња од областа на туризмот (англиско-руско-македонски). Скопје: Современост.

7 Galičić, V. (2012) Conference review: 21st biennial international scientific congress “Tourism and hotel industry 2012”.Tourism and Hospitality Management, 18(1), pp. 159-168

8 Campbell, F., Robinson, A., Brown, S., Race, P. (2003) Essential Tips for Organizing Conferences & Events. London: Kogan Page Limited.

цијата на храната и пијалоците кои се конзумираат за време на настанот, исто така имаат големо значење во успешноста на конференцијата[9]. По завршувањето на настанот се прави евалуција, се продолжува контактот со учесниците и се прави планирање на следниот настан.

Пазарот на конференции е составен од понуда и побарувачка на организирани настани. Побарувачката на конференции можеме да ја поделиме на неколку сегменти: корпоративен, невладин сектор, јавен сектор, „SMURF“ социјални групи со заеднички интереси и делегати[10].

Конференциите имаат повеќе димензионално значење. Постојат повеќе аспекти од кои може да се објасни значењето на конференциите, во интерес на овој труд ќе се задржиме на два: економскиот и научниот придонес. Економскиот придонес главно резултира со бенефитите за локалната заедница каде се одржуваат конференциите, и директните, индиректните и индуцираните приходи кои се генерираат. Организацијата на конференции е голем бизнис во светот кој е во тесна врска со логистиката и туризмот.

Научниот придонес на организирањето на конференции може да го оправдаме со следното, без разлика дали се однесува на наставнички кадар, истражувачки или студенти кои учествуваат во организирани настани. Имено, ползите од учество на конференција се следните:

- Придонес и учење за најновите пронајдоци и информации поврзани со областа која е во интерес на учесникот;
- Одбрана и претставување на науката и областа од интерес;
- Стекнување искуство во говорењето на јавни настани од област на интерес;
- Збогатување на сопственото CV и профил;
- Средби со други истражувачи од областа и потенцијални контакти за понатамошна соработка;
- Комуникација со експерти од дадена област кои подолго време работат на одредена проблематика;
- Условна регулатива која го налага учеството во конференции;
- Публикување на истражувањето и доближување до пошироката јавност;
- Креативност и подобрување на вештините за презентации и
- Запознавање на други дестинации и туристичко движење.

---

9 Shone, A. (1998) The Business of Conferences: A hospitality sector overview of UK and Ireland. Oxford: Butterworth-Heinemann.

10 Davidson, R., Rogers, T.(2006) Marketing Destinations and Venues for Conferences, Conventions and Business Events. New York: Routledge.

Едно истражување спроведено во Сингапур, ни дава интересни информации за мотивацијата за учество во меѓународна конференција[11]. Во истражувањето факторите за мотивација се поделени во четири сегменти:

- професионални мотиви: создавање на професионални врски, лична интеракција, чуство за припадност во глобалната заедница, добивање на ново знаење и вештини, запознавање на истомисленици, добивање на репутација;
- мотиви на задоволство: патување надвор од дома, стекнување нови искуства, посета на нова дестинација;
- дестинациски мотиви: позитивен имиџ на дестинацијата, климатски услови, безбедност, сместување, ноќен живот, јазик кој се говори во дестинацијата, туристички места, ресторани и угостителски објекти, директни авио летови, трошоци за патувањето и
- конференциски мотиви: квалитет на конференцијата, конференциски теми, организација на конференцијата, можност за вмрежување и познати говорници.

Најважните и највисоко рангирани мотиви од страна на испитаниците во студијата се конференциските и мотивите на задоволство.

## Преглед на меѓународните конференции Охрид – Водици за периодот 2013-2019

Главна цел на овој труд е да биде направен преглед на меѓународните конференции Охрид – Водици во изминатите седум години. За потребите на трудот, користени се примарни и секундарни истражувања и извори на податоци. Примарните се однесуваат на личното учество на авторите во седумте конференции, спроведените неформални интервјуа и методот на неструктурирано набљудување. Како секундарни извори на податоци користени се официјалните агенди и програми на конференциите, како и публикуваните зборници на трудови од истоимените конференции.

Идејата за организација на Меѓународна конференција произлезе од страна на авторите на овој труд и соработници во средината на 2012 година. Беше решено за време на празникот Водици[12], во Охрид да биде

11 Malekmohammadi, A., Mohamed, B., Ekiz, E. (2011) An Analysis of Conference Attendee Motivations: Case of International Conference Attendees in Singapore. Journal of Travel and Tourism Research, 11(1), pp.50-64.

12 Campbell, F., Robinson, A., Brown, S., Race, P. (2003) Essential Tips for Organizing Conferences & Events. London: Kogan Page Limited.

организирана оваа прва меѓународна конференција. Беше определен организациски одбор со задача да се грижи за успешната организацијата на настанот, како и програмски одбор кој ќе се занимава со академскиот и научен дел од конференцијата. Како главни причини за организирање на ваков настан можеме да ги посочиме следните: непостоењето на конференции кои ја опфаќаат тематиката поврзана со културното наследство, медиумите и туризмот во Македонија; презентација на богатото природно и културно наследство на Охридскиот регион и продолжување на туристичката сезона; недостатокот од стручна и научна литература поврзана со оваа тематика во земјата; вмрежување на академската заедница со партнери од земјата и странство; промената на законската регулатива поврзана со високото образование и др.

Првата Меѓународна конференција беше организирана во Охрид на тема: Cultural Heritage, Media and Tourism во период 18-19.01.2013 година. На конференцијата се проведоа 11 панел сесии. Останатите конференции исто така се организирани во Охрид со исклучок на седмата која е организирана во Струга. Втората Меѓународна конференција беше организирана на тема: Cultural Heritage, Tourism and Media во период 17-19.01.2014 година. На конференцијата се проведоа 10 панел сесии.

Од третата Меѓународна конференција, веќе започнуваат да се воведуваат специфични теми, а за оваа конференција беше одбрана следната тема: Rethinking the Framework of Interdisciplinary cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media. Конференцијата се одржа во период 17-18.01.2015 година. На конференцијата се проведоа 8 панел сесии.

**Табела 1.** Теми на меѓународните конференции Охрид – Водици за периодот 2013-2019

| No. | Тема | Панел сесии | Место | Дата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Cultural Heritage, Media and Tourism | 11 | Охрид | 18-19.01.2013 |
| 2 | Cultural Heritage, Tourism and Media | 10 | Охрид | 17-19.01.2014 |
| 3 | Rethinking the Framework of Interdisciplinary cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media | 8 | Охрид | 17-18.01.2015 |
| 4 | Terrorism, migrations, refugees – contemporary challanges on cultural identities, heritage, economy, tourism and media | 7 | Охрид | 17-19.01.2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Runaway world, liquid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media | 8 | Охрид | 17-19.01.2017 |
| 6 | Diaspora, Transnationalism, Transculturalims, Inter-cultural Communications as new forms of social capital | 10 | Охрид | 17-19.01.2018 |
| 7 | Identities, Cultural Heritage and Tourism as important Elements of the Contemporary Everyday life and Global Processes Figures | 5 | Струга | 17-19.01.2019 |

Четвртата конференција беше организирана на тема: Terrorism, migrations, refugees – contemporary challanges on cultural identities, heritage, economy, tourism and media во период 17-19.01.2016 година. На конференцијата се проведоа 7 панел сесии. Останатите конференции во 2017, 2018 и 2019 година, исто така се одржани во периодот 17-19 јануари. Петтата конференција со 8 панел сесии беше организирана на тема:Runaway world, liquid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media. Шестата конференција (10 панел сесии) беше организирана на тема:Diaspora, Transnationalism, Transculturalims, Inter-cultural Communications as new forms of social capital. Седмата конференција со 5 панел сесиибеше организирана на тема: Identities, Cultural Heritage and Tourism as important Elements of the Contemporary Everyday life and Global Processes Figures.

За потребите на меѓународните конференции секоја година од страна на претседателот на програмскиот одбор се предлагаат теми кои се актуелни, современи и малку истражувани. Од повеќето предложени теми, одборот избира една која ќе биде носечка, односно главна тема на престојната конференција.

**Табела 2.** Основни податоци за меѓународните конференции Охрид – Водици за периодот 2013-2019

| Година | Трудови | Автори | Мажи | Жени | Земји | Членови на програмски одбор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 46 | 87 | 46 | 41 | 13 | 8 |
| 2014 | 48 | 62 | 24 | 38 | 12 | 11 |
| 2015 | 63 | 90 | 37 | 53 | 13 | 12 |
| 2016 | 60 | 71 | 35 | 36 | 15 | 12 |
| 2017 | 55 | 67 | 38 | 29 | 11 | 14 |
| 2018 | 72 | 85 | 44 | 41 | 11 | 16 |
| 2019 | 37 | 53 | 31 | 22 | 11 | 16 |
| Вкупно | 381 | 515 | 255 | 260 | | |

Во табела 2, претставени се основните податоци за конференциите во период 2013-2019 година, како број на презентирани трудови, број на автори со демографски податоци во однос на полот, број на земји од кои доаѓаат авторите и членови на програмските одбори. Од податоците презентирани во табела 2, се забележува, дека на седумте конференции кои се одржани, презентирани се вкуно 381 трудови. Членството во програмскиот одбор на конференциите, бележи пораст од 8 членови на одборот во 2013 до 16 членови на одборот во 2019 година.

Табела 2, ни дава податоци и за демографијата на авторите кои земале учество во изминатите седум конференции. Од вкупно 515 автори, 255 се мажи, а 260 се жени. Овој податок оди во прилог на „родовата еднаквост“ која е застапена на изминатите конференции.

Авторите кои земале учество во досегашните конференции, доаѓале од 31 земји и тоа: Македонија, Азејберџан, Украина, Албанија, Турција, Ерменија, Романија, Црна Гора, Грција, Велика Британија, Бугарија, Литванија, Хрватска, Белгија, Италија, Франција, САД, Србија, Чешка, Белорусија, Косово, Полска, Русија, Нигерија, Босна и Херцеговина, Египет, Германија, Унгарија, Јамајка и Швајцарија.

Овие податоци на укажуваат на позитивниот меѓународен придонес кој го има конференцијата, односно презентацијата на новите научни и стручни достигнувања од различни земји и нивно споделување со академската јавност во Македонија. Преку седумгодишното постоење, конференцијата во повеќе сегменти делува на полето на „научниот прогрес“ воопшто.

## Зборници на трудови од меѓународните конференции Охрид – Водици за периодот 2013-2018

Презентираните трудови на конференциите, подоцна се рецензирани од страна на членовите на програмскиот одбор и публикувани во зборници на трудови од соодветните конференции. Практика на Меѓународните конференции Охрид – Водици е зборникот на трудови од конференцијата да биде разделен на учесниците и авторите за време на следната конференција.

**Табела 3.** Публикувани зборници на трудови од меѓународните конференции Охрид – Водици за периодот 2013-2018

| Година | Зборник на трудови | Страници |
|---|---|---|
| 2013 | Cultural Heritage, Media and Tourism | 252 |
| 2014 | Cultural Heritage, Tourism and Media | 259 |

| | | |
|---|---|---|
| 2015 | Rethinking the Framework of Interdisciplinary cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media | 324 |
| 2016 | Terrorism, migrations, refugees – contemporary challanges on cultural identities, heritage, economy, tourism and media | 310 |
| 2017 | Runaway world, liquid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media | 418 |
| 2018 | Diaspora, Transnationalism, Transculturalism, Inter-cultural Communications as new forms of social capital | 298 |
| Вкупно | | 1861 |

Од табела 3, можеме да забележиме дека во периодот 2013-2018 година, публикувани се шест зборници на трудови од спроведените конференции кои се насловени со соодветната тема на конференцијата. Во шестте публикации, како издавач се јавува Институтот за социо-културна антропологија на Македонија од Скопје, кој воедно е главниот организатор на конференциите (различни институции се јавуваат како коорганизатори). Во шестте публикации, испечатени се вкупно 1861 страници материјал. Истите поседуваат ЦИП запис и ИСБН број и се достапни на академската заедница преку Националната библиотека на Македонијаво печатена верзија и на интернет како електронска верзија.

**Заклучок**

Иако конференциите својот најголем развој го бележат во последните неколку децении и се релативно нова форма на бизнис, сепак треба да се напомене дека конференциите и состаноците ги среќаваме уште од најрани времиња.Речниците го дефинираат терминот конференција (латински) како состанок, собир, седница, собрание на некоја организација или заедница за да се претресуваат важни прашања.Постојат различни критериуми според кои ги делиме конференциите како: период на одржување, состав на учесници, теми на конференцијата, територија на одржување, временска рамка, законска регулатива и слично.

Карактеристично за конференциите е следното: најчесто се учествува со презентации, се канат истакнати стручни лица кои се главни говорници и ги потенцираат темите на конференцијата, вклучува панел дискусија, се работи по однапред утврдена агенда и програма, се користи соодветна инфраструктура, маркетинг и др. Конференциите освен работниот дел, вклучуваат и богата социјална програма поврзана со анимација на учесниците и посета на туристичките потенцијали на

дестинацијата во која се одржува конференцијата. Научните и стручни конференции вклучуваат и публикување на зборници со презентираните истражувачки или практични трудови.Конференциите имаат повеќе димензионално значење. Постојат повеќе аспекти од кои може да се објасни значењето на конференциите, но најважни се економскиот и научниот придонес.

Главна цел на овој труд е да биде направен преглед на меѓународните конференции Охрид – Водици во изминатите седум години, односно периодот 2013-2019 година. Како главни причини за организирање на конференциите се наведуваат следните: непостоењето на конференции кои ја опфаќаат тематиката поврзана со културното наследство, медиумите и туризмот во Македонија; презентација на богатото природно и културно наследство на Охридскиот регион и продолжување на туристичката сезона; недостатокот од стручна и научна литература поврзана со оваа тематика во земјата; вмрежување на академската заедница со партнери од земјата и странство; промената на законската регулатива поврзана со високото образование и др.

За потребите на трудот, користени се примарни и секундарни истражувања и извори на податоци.Примарните се однесуваат на личното учество на авторите во седумте конференции, спроведените неформални интервјуа и методот на неструктурирано набљудување. Како секундарни извори на податоци користени се официјалните агенди и програми на конференциите, како и публикуваните зборници на трудови од истоимените конференции. Податоците од истражувањето за потребите на овој труд ги даде следните заклучоци:на седумте конференции кои се одржани, презентирани се вкуно 381 трудови; членството во програмскиот одбор на конференциите, бележи пораст од 8 членови на одборот во 2013 до 16 членови на одборот во 2019 година; од вкупно 515 автори, 255 се мажи, а 260 се жени - податокот оди во прилог на „родовата еднаквост“ која е застапена на изминатите конференции; авторите кои земале учество во досегашните конференции, доаѓале од 30 земјишто укажува на позитивниот меѓународен придонес на конференцијата и „научниот прогрес“ воопшто; во периодот 2013-2018 година, публикувани се шест зборници на трудови навкупно 1861 страници материјал кои се достапни на академската заедница.

**Благодарност**

Авторите би сакале да искажат искрена благодарност до сите колеги и соработници кои земале учество во досегашните конференции. Исто така, изразуваме благодарност до членовите на програмските и организациските одбори без чија несебична ангажираност и пожртвуваност

не би било можно да се одржат изминатите конференции. Благодарност за професионалната соработка, упатуваме и до институциите кои се јавиле како коорганизатори на конференциите како и до сите покровители.

**Користена литература**


Campbell, F., Robinson, A., Brown, S., Race, P. (2003) Essential Tips for Organizing Conferences & Events. London: Kogan Page Limited.

Davidson, R., Rogers, T. (2006) Marketing Destinations and Venues for Conferences, Conventions and Business Events. New York: Routledge.

Galičić, V. (2012) Conference review: 21st biennial international scientific congress "Tourism and hotel industry 2012". Tourism and Hospitality Management, 18(1), pp. 159-168

Mai, J. (2014) Conferences and Conventions: A Research Perspective. New York: Routledge.

Malekmohammadi, A., Mohamed, B., Ekiz, E. (2011) An Analysis of Conference Attendee Motivations: Case of International Conference Attendees in Singapore. Journal of Travel and Tourism Research, 11(1), pp.50-64.

Medlik, S. (2003) Dictionary of Travel, Tourism and Hospitality. Oxford: Butterworth-Heinemann.

Rogers, T. (2013) Conferences and Conventions: A Global Industry. New York: Routledge.

Shone, A. (1998) The Business of Conferences: A hospitality sector overview of UK and Ireland. Oxford: Butterworth-Heinemann.

Zemon, R., ed. (2013) Conference proceedings - 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, Ohrid - Vodici. Skopje: Institute for Socio – Cultural Anthropology of Macedonia.

Zemon, R., ed. (2014) Conference proceedings - 2nd International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, Ohrid - Vodici. Skopje: Institute for Socio – Cultural Anthropology of Macedonia.

Zemon, R., ed. (2015) Conference proceedings - Rethinking the framework of interdisciplinary cooperation between cultural heritage, local economic development, tourism and media. Skopje: Institute for Socio – Cultural Anthropology of Macedonia.

Zemon, R., ed. (2016) Conference proceedings - Terrorism, migrations, refugees - contemporary challenges on cultural identities, heritage, economy, tourism and media. Skopje: Institute for Socio – Cultural Anthropology of Macedonia.

Zemon, R., ed. (2017) Conference proceedings - Runaway world, liquid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media. Skopje: Institute for Socio – Cultural Anthropology of Macedonia.

Zemon, R., ed. (2018) Conference proceedings - Diaspora, Transnationalism, Transculturalism, Inter-cultural Communications as new forms of social capital. Skopje: Institute for Socio – Cultural Anthropology of Macedonia.

Методијески, Д., Голаков, К. (2013) Толковник на поими, термини и имиња од областа на туризмот (англиско-руско-македонски). Скопје: Современост.

Методијески, Д., Санева, Д. (2016) Организација на научни и стручни конференции и нивниот придонес во науката. Зборник на трудови од Научно-стручна конференција: Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија, 28 Мај 2016, Штип.

Миќуновиќ, Љ. (1990) Современ лексикон на странски зборови и изрази. Скопје: Наша книга.